СОЗУ “Кузман Шапкарев” – Битола
ул. “Димитар Робев” бр.3
7000 Битола, Република Македонија
тел./факс: 047/238-401
email: ksapkarev@hotmail.com
web: kuzmansapkarev.edu.mk

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА
,,СОЗУ КУЗМАН ШАПКАРЕВ” ЗА УЧЕБНАТА 2023/24 ГОД.

Работата на училиштето во тек на учебната 2023/24 год. се одвиваше според Годишната програма за работа , согласно со законските прописи на Република Македонија кои произлегуваат од законот за средно образование. Истата е доставена до сите релевантни фактори: Министерството за образование и наука, Советот на Општина Битола, Бирото за развој на образованието на Република Македонија, просветниот инспекторат на Општина Битола, во регуларниот законски рок до 31.08.тековната година.

Од тој аспект, направени беа обиди истата максимално да се реализира. Имено СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола како воспитно - образовна организација учествува во оспособувањето на кадри од ***земјоделско-ветеринарната*** струка на ниво на општина и пошироко во регионот. Согласно со тоа, СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола организира и реализира перманентен воспино - образовен процес за повеќе образовни профили и степен на стручна подготовка.

Во тек на учебната 2023/24 год во нашето училиште беа застапени следните профили:

- **Ветеринатер техничар -** четири годишно образование,
- **Техничар по фитомедицина -** четири годишно образование
- **Агротехничар -** четири годишно образование,
- **Техничар за агроменаџмент-** четири годишно образование.

БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО ГОДИНИ И ЗАНИМАЊА

Во СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола во учебната 2023/24 година бројот на ученици по години е следниот:

I година: 1 паралелка и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици

I - 1 8 ученици Техничар за ветеринарна медицина/ техничар по фитомедицина / агротехничар.

Вкупно: 8 ученици

II година: 2 паралелки и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици – на почетокот беа 13 ученици, еден ученик се отпиша во месец Ноември

II - 1 6 ученици Техничар за ветеринарна медицина / Агротехничар.

II - 2 7 ученици Техничар по фитомедицина / Техничар за агроменаџмент

Вкупно: 13 ученици во дуални паралелки во соработка со ЗК Пелагонија

III година: 2 паралелки и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици – на почетокот беа 13 ученици, еден ученик се отпиша во месец Ноември

III - 1 6 ученици Техничар за ветеринарна медицина / Техничар за фитомедицина

III - 2 7 ученици Агротехничар – дуална во соработка со Симпекс

Вкупно: 13 ученици

IV година: 2 паралелки земјоделско-ветеринарната струка:

Клас Бр. на ученици - 9

IV – 1 Техничар за ветеринарна медицина/ техничар за фитомедицина / техничар за агроменаџмент

Вкупно: 9 ученици

Вкупно во четирите години 43 ученици.

Состојбата на крајот од школската 2023/24 година е следната:

Вкупно 43 ученици, од кои 39 машки и 4 женски. Просек - 3,21

РЕДОВНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ		
	бројчано	**просек по ученик**
Оправдани	3632	84
Неоправдани	832	19
Вкупно	4464	104

БРОЈНА СОСТОЈБА		
МАШКИ	ЖЕНСКИ	ВКУПНО
39	4	43
Бројна состојба - ученици со ПОП		
3	0	3
УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ		
Одлични	9	20.93%
Мн. Добри	6	13.95%
Добри	13	30.23%
Доволен	15	34.88%
Со 1 слаба оцена	0	0.00%
Со 2 слаби оцени	0	0.00%
Со 3 слаби оцени	0	0.00%
Неоценети	0	0.00%

Наставата во текот на учебната 2023/24 година се изведуваше според наставниот календар за организација на учебната 2023/24 год. Во тек на ***редовна настава*** покрај обработката на воспитно-образовните содржини се вршеше и следење и оценување на учениците.

Исто така се изведувана е и ***дополнителна воспитно-образовна настава*** во вид на: додатна настава, консултативна настава и индивидуална настава. Во Училиштето овој вид на настава се организираше за учениците кои од разни причини покажуваа слаби резултати во совладувањето на програмските содржини.

Паралелно со стручно-теоретската настава се организираше и ***практична настава*** за сите образовни профили во Училиштето која е во во функција на оспособување на учениците за извршување на работните задачи и работи. Оваа настава се реализираше во рамките на постоечките фарми и земјоделското стопанство на Училиштето, за што и непрекинато создаваме услови за поуспешна реализација, но и со нејзината реализација да се увидат резултатите од истата. Практичната настава се изведуваше по групи во сите класови, предводени од стручни наставници, за сите профили од струките а, за подобар квалитет во наставата, таа се изведуваше во смени.

Исто така, дел од практичната настава се изведуваше во соработка со ветеринарни станици во Битола, АД Пелагонија, ЈП Комуналец, АД Млекара од Битола, ЗОО Градина, Краварски фарми во Породин, Новаци, СИНПЕКС, ДООЕЛ Евро Стил и сл.

Во училиштето согласно со програмските определби за реформирано средно образование

постојат и ***содржини програмирани од Училишето*** кои се таков облик на образовна дејност со кои училиштето им излегува во пресрет на дел од учениците кои сакаат да изучуваат други содржини или да реализираат други активности надвор од задолжителниот дел.

Во рамките на слободните часови на Училиштето, во неколку наврати беше извршено теренско истражување на учениците, при што во согласност со проектите беа посетени повеќе инстуции и објекти.

Со цел учениците од I - IV година да бидат медицински згрижени, организирани беа систематски прегледи и вакцинации.

Со цел да се заштити здравјето на учениците се превземаа мерки за обнова и реновирање на училишниот намештај, редовно одржување на хигиената на училниците, спортската сала, санитарните јазли, подобрување на личната хигиена по престојот на фармите почитување на куќниот ред и др.

Исто така, механизацијата во стопанството со цел успешно спроведување на практичната настава беше редовно одржувана.

Наставата како најважен сегмент од воспитно-образовната работа во училиштето беше предмет на континуирано следење. Следењето на наствата се реализира на повеќе нивоа и во него учествуваа сите субјекти кои непосредно ја реализираат: Директорот, психологот меѓусебната посета на наставниците од исти стручни активи.

Унапредувањето на наствата во Училиштето како на теоретската така и на практичната и на друга форма, се одвиваше и со примена на аудио-визуелните средства кои се на располагање на наставниците во библиотеката, како и со користење на компјутерите во соодветните кабинети.

Соработката со родителите на учениците и нивните семејства како битен елемент за воспоставување на спона на релација ученик-наставник, родител-состојба и ситуација во семејството беше редовно практикувана. Главни носители во оваа соработка беа класните раководители кои беа должни да ги известуваат родителите за посета на родителските средби, како и предметните наставници во период кога немаат часови.

И оваа учебна година од страна на училишниот психолог беа организирани советувања за родителите на нередовните и проблематични ученици.

Исто така, Советот на родителите како битна спона преку која родителите ги остваруваат нивните интерес редовно одржуваше свои состаноци.

Во тек на учебната 2023/24 година редовно беа одржани повеќе седници на Наставничкиот колегиум на Училиштето, како и состаноци на Советот на годината кои се одвиваа според предвидена програма во зависност од периодот на годината.

Во рамките на ***училишното стопанство*** беа изведени следните активности:
- Припрема на земјоделските машини за пролетна сеидба;
- Обезбедување на семенски други материјали;
- Организација и изведба на пролетната сеидба
- Нега на есенските посеви;
- Организирање и изведување наводнување на пролетните култури
- Косидба и балирање на фуражни култури
- Генерално чистење и дезинфекција на краварската фарма
- Заштита на пролетните посеви од болести и штетници;

- Подготовка на земјоделските машини за изведување на жетвените работи;
- Подготвување на извештај за бројната и здравствената состојба во училишната фарма;
- Изведување на феријалната пракса, жетва и косидба.
- Активности за есенска сеидба и прибирање на пролетните посеви.
- Дел од практичната настава во училиштето се изведуваше во ботаничка градина на површина од два декари каде се засадени садници од најразлични овошни култури,градинарски култури, зачински растенија и други растенија. Наводнувањето во истата е спроведено со ***системот за наводнување какпка по капка***.
- Во два наврати е извршена дезинфекција дезинсекција и дератизација на училиштето од страна на стручна екипа. Направени се и годишни санитарни и здравствени прегледи на вработените.

Во соработка со здружението на граѓани од Скопје ЕКО ГАИЈА продолжи со работа проектот: „Прва урбана градина во Битола“, во склоп на кој, во месец март-2022г. е отворена првата урбана градина која го користи системот на **аеропоника**. Проектот ќе продолжи и во учебната 2023/24 година.

На ден 15.05.2024 год. во Ресен се одржа **52ти Државен натпревар** на ученици од училиштата со земјоделско – ветеринарна и шумарска струка во Р.С. Македонија.
Нашето училиште СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола на овој натпревар учествуваше во сите дисциплини го освои следното место:

II место во дисциплината „Органско производство“

- Ученик: Анастасија Марковска
- Ментор: наставник Душанка Соколовска

Ученикот Михал Саламовски од I-1 под менторство на професорот Моника Талевска беше победник на ноќната атлетска трка по Широк Сокак во Битола по повод 4ти Ноември – Ослободувањето на Битола.

Според календарот за организација на учебната 2023/24 година беше организирано полагање на државна матура и т.е. завршен испит.

Во согласност со програмата на училишниот психолог, реализирани се различни облици на соработка со локалната самоуправа, разновидни предавања со теми од актуелно значење за возраста на учениците, поради подигање на физичката и менталната култура.

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Училиштето и локалната самоуправа соработуваат и активностите успешно ги реализираат. На ниво на локална самоуправа најчесто соработката е со ОО Црвен Краст – Битола, Невладини организации, Средства за информирање, МВР – Битола, Центар за јавно здравје – Битола.

СЕПТЕМВРИ 2023год.

Тековни активности	**20.09.2023год.** директорот Кривевски Благојче и психологот Марија Филиповска заедно со по неколку ученици од сите класови учествуваа на панел дискусијата организирана од **Младите Можат - Youth Can** на тема **„Предизвиците со кои се соочуваат учениците на почетокот на учебната година и за време на средношколските денови“** и воедно се потпиша меморандум на соработка за обука на ученици како врснички едукатори и обука на наставници во две области: Програма за стручни соработници и класни раководители за Ментално здравје и обука за стручни соработници и наставници за Кариерно советување. Обуките ќе следат во текот на првото полугодие. **21.09.2023год.** учениците Анастасија, Елеонора, Иван, Димитар и Андреа заедно со професорките Лидија Трајкова и Живка Иванова во склоп на проектот UP SHIFT од LEAD преку WEB порталот https://ecrowd.mk/ изработија линк за собирање донации за надоградување на Органската градина за зачини и чаеви која е во склоп на училиштето.

ОКТОМВРИ 2023год.

	Реализирано
Тековни активности	**10.10.2023год. по повод СВЕТСКИОТ ДЕН НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ** учениците и психологот Марија Филиповска со поддршка на професорките Лидија Трајкова и Живка Иванова го изработија „ВЕНЕЦОТ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ“ и гласно зборуваа за менталното здравје и младите се со цел полесно справување со сите животни предизвици кои им следат на учениците. **16.10.2023год. -** По повод 16 Октомври **Светскиот ден на храната и агрокултурата** со **Тема за оваа 2023год. „Водата е живот, водата е храна. Не оставајте никого зад себе!"**, психологот Марија Филиповска со поддршка на професорките Лидија Трајкова и Живка Иванова се организира хуманитарна акција за социално загрозено семејство. **18, 19 и 20.10.2023год. Отворен ден за промоција на училиштето СОЗУ**

	Кузман Шапкарев – Битола, вклучени сите ученици организирани од професорките Лидија Трајкова и Живка Иванова со поддршка од психологот Марија Филиповска. Првиот ден присутни ученици и наставници од основните училиште од VIII и IX одделение, вториот ден отворен ден за локалната самоуправа и бизнис секторот а третиот ден беше наменат за едукација на најмалите и на дечињата од градинките Кокиче и Качунка учениците им покажаа како се подготвува почвата и како се произведува еколошки чистата храна, овошје, зеленчук, чаеви и зачини. **25.10.2023 до 26.10.2023 година** „Био-технологија во мојот свет - Програма за искуствено учење“. Учениците од нашето училиште, под менторство на професорите Владимир Илиевски и Златко Крстевски учествуваа на проектот „Биотехнолошка лабораторија – програма за искуствено учење “. Целта на проектот е да ги зајакне вештините на наставниците од средните училишта за поуспешна интеграција на содржини за пренамена на био-отпад во биотехнолошка лабораторија. Во фокус на програмата е изработка на Прирачник за наставници којшто ќе содржи сценарија за часови со експерименти за пренамена на био-отпад, кој материјал ќе биде целосно поддржан со видео запис, како и спроведување на Работилница „Био-технологија во мојот свет-Програма за искуствено учење, со ученици од средните стручни училишта од 7 региони со помош на мобилна Биотехнолошка лабараторија.

НОЕМВРИ 2023год.

	Реализирано
Тековни активности	**04.11.2023год.** – Михал Саламовски од II-1 под менторство на професорката Моника Талевска освои прва награда на ноќната атлетска трка по Широк Сокак во Битола по повод 4ти Ноември – Ослободувањето на Битола. **10.11.2023г.** во склоп на проектот „Потпри се на младите“ финансиран од ЕУ, спроведен од Македонската развојна фондација за претпријатија, Здружението за развој на рурален туризам **Битолска коњаница Галоп Битола** учениците имаа можност да научат како да јаваат коњ и како се одгледуваат коњите и медицинска заштита на истите а воедно за време на проектот дадоа свој придонес во мапирањето на 4 јавачки патеки кои ќе придонесат локално за развивање на руралниот туризам. **15.11.2023год.** претставникот од **УЈП** РД Битола Злате Муневски пред учениците од IVгодина. Одржа предавање на тема „Даночна едукација

	на младите.“ **16.11.2023год. -** По повод 16 Ноември Светскиот ден на ТОЛЕРАНЦИЈАТА –психологот Марија Филиповска одржа предавање што е ТОЛЕРАНЦИЈА и колку малку знаеме да ја применуваме, се вежбаа техники за толерантно однесување во конфликтни ситуации, вклучени беа сите ученици од сите класови. **22.11.2023г.** Со учениците од I-1год., професорката Нада Христовска одржа работилница од областа на Кариерното советување – Изработка на CV. **28.11.2023г.** Со учениците од IV-1год., психологот Марија Филиповска одржа работилница од областа на Кариерното советување – Како да се донесе информирана одлука. **28.11.2023г.** Учениците Емилија Стојаноска од III-1 и Иван Јовковски од IV-1, под менторство на професорот Илија Петровски учествуваа на работилницата **"Зачувување на биодиверзитетот"** која се одржа во Europe House Bitola, Предавањето и интерактивната работилница ги водеше Проф. Даниел Богнер (претставник и предводник на проектите Natura2000 и CITES во нашата земја), во чии рамки младите учесници, преку тимска работа, ќе имаат можност да се запознаат со биодиверзитетот во нашето опркужување, за на крај со кратка прошетка низ Градскиот Парк да ја тестираат дигиталната апликација iNaturalist и можностите кои ги нуди истата. Дополнително, свое обраќање имаше и претставник од НП „Пелистер“ со цел да се запознаеме со концептот, целта и начинот на работа на Националните Паркови како мост помеѓу природата и општеството.

ДЕКЕМВРИ 2023год.

Планирано	Реализирано
Тековни активности	**12.04.2024 год.** во соработка со ОО Црвен Крст- Битола се одржа Симулациона вежба "ЗЕМЈОТРЕС", за најдоброто на учениците и вработените се покажа како соодветно да се реагира за време на земјотрес. Останати вклучени институции: ППТЕ Битола, ЦУК Битола, ДЗС Битола, МВР Битола, ООЦрвен Крст Битола и ЈЗУ Здравствен дом „Д-р.Хаим Абраванел“ Битола - Итна медицинска помош. Главната цел на ваквите вежби произлегува од проверката на

	степенот на подготвеност на капацитетите на образовните институции како и координацијата меѓу тимовите на Црвениот крст и останатите чинители на системот за кризен менаџмент. **11.12.2023год.** Одржано предавање пред сите ученици на тема СТРЕС и како да се справиме со СТРЕСОТ кое предавање е во склоп на Програма за стручни соработници и класни раководители за Ментално здравје изработена од Младите Можат - Youth Can и одобрение на БРО.

ФЕВРУАРИ 2024год.

	Реализирано
Тековни активности	**06.02.2024год.** Претставник од Народна Одбрана Стефан Димовски и претставниците од подрачното министерство за одбрана Лујза Стојковска и Јован Т. одржаа предавање за попоуларизација на Армијата на Р.С.М. Вклучени беа ученците од IV-1 и IV-2.

МАРТ 2024год.

Планирано	**Реализирано**
Тековни активности	**08.03.2024 год.** Ученици Божидар Чолаковиќ, Иван Јовановски и Димитар Гогачевски спроведоја активности како волонтерите од Клубот на Млади при Општинската Организација на Црвен крст Битола по повод одбележувањето на „Неделата на борба против ракот". **24.03.2024год.** учениците Димитар Гогачевски, Иван Јовановски и Божидар Чолаковиќ присуствуваа на работилница за врсничка едукација кај младите од Битола во рамки на проектот "Стоп за дискриминација на лицата со попреченост" во организација на Центар за човекови права „Амос“ - Centre for human rights

	"Amos". **Од 25.03 до 29.03.2024г.** По повод 23 Март „СВЕТСКИ ДЕН НА МЕТЕОРОЛОГИЈАТА“, со ученици од IXодд. од основните училиште се организираа најразлични интересни работилници за зачувување на природата под мотото „Учи паметно-зачувај ја природата“

АПРИЛ 2024год.

Планирано	Реализирано
Тековни активности	**04.04.2024 год.** Калемарска работна акција на облагородување на дивата круша-Горница во Путурус и Црнчани,Општина Могила **12.04.2024 год.** Ветеринарите од нашето училиште заедно со професорите Нада Христовска и Илија Петровски на едукативна посета во А.Д Млекара Битола. Запознавање со процесот на производство на млеко и млечни производи во најсовремени услови **16.04.2024 год.** Промоција на Меѓународниот Славјански Универзитет (МСУ) „Гаврило Романович Державин“пред учениците од IVгод. **19.04.2024 год.** Економскиот факултет во Прилеп се одржа натпревар од областа на циркуларната економија за учениците од средните општински училишта од регионот. Втората награда ја добија учениците од СОЗУ Кузман Шапкарев – Битола, Анастасија Марковска. Димитар Гогачески, Николче Ѓоршески и Иан Јовановски а под менторство на професорите проф. Лидија Трајкова и проф. Живка Иванова. **22.04.2024год.** – Еко акција за чистење, средување и уредување на училишниот двор и опкружување по повод 22 Април Меѓународниот ден на планетата Земјавклучени сите ученици и вработени. **24.04.2024 год.** Ученици Божидар Чолаковиќ, Иван

	Јовановски и Димитар Гогачевски спроведоја активности како волонтерите од Клубот на Млади при Општинската Организација на Црвен крст Битола по повод одбележувањето на „Европската недела на имунизацијата". **26.04.2024 год.** Во соработка со **Europe House** Bitola снимање на промо спот на училиштето, учествуваа: Анастасија Марковска, Иван Јовановски, Димитар Гогачевски од Ivгод. и Николче Горшески од III-2.

MAJ 2023год.

Планирано	Реализирано
Тековни активности	**07.05.2024 год.** Ученици Божидар Чолаковиќ, Иван Јовановски и Димитар Гогачевски одржаја предавање како волонтерите од Клубот на Млади при Општинската Организација на Црвен крст Битола по повод одбележувањето на Светскиот ден на Црвениот Крст и неговото значење за општеството. **10.05.2024 год.** Промоција на МИТ Универзитетот пред учениците од IVгод. **13.05.2024 год.** Претставницк од МВР Ките Трајковски одржаа превентивно предавање за безбедност во сообраќајот се со цел покренување на свеста кај младите за безбедно учеств во сообраќајот пред матурските прослави. Вклучени беа ученците од сите години. **15.05.2024г**.учество на 52-от државен натпревар на средните земјоделски училишта освоена награда: - второ место во дисциплината „органско производство“ за Анастасија Марковска под менторство на наставничката Душанка Соколовска. **31.05.2024год**. психологт во рамките на училиштето одржа предавање за последиците од пушењето.

	а по повод Светскиот ден на пушењето Вклучени сите ученици од сите години.

Градежни активности:

1. Во периодт од јули-август2024год, во училниците од првиот спрат беше направена репарација на дел од дрвените подови.
2. Во периодот на август 2024год., подготовка на сите училници за започнување на настава (промена на неонски светла, замена на стари и оштетени столчиња и клупи)
3. Во периодот на август 2024год., фарбање и санирање на дефекти во санитарните јазли.

Во периодот од 11-13 Март 2024 год, во училиштето се изврши интегрална евалуација и училиштето беше оценето со оцена 2,63 – добро.

Битола,
Август-2024

ВД Директор
Златко Крстевски